ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Михајло Маневски, министер за правда
и
Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за правда

ПОВЕРЕНИЦИ: Билјана Боишкоска Бошковски, државен секретар во Министерството за правда
и
Загорка Тноковска, раководител на Сектор во Министерството за правда

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН

## за здруженија и фондации

Скопје, јануари 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр.51-408/1
27.01.2010 година
Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 11-02-2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 709/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за здруженија и фондации, што го утврди на седницата, одржана на 26.01.2010 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Михајло Маневски, министер за правда и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за правда, а за повереници Билјана Бришкоска Бошковски, државен секретар во Министерството за правда и Загорка Тноковска, раководител на Сектор во Министерството за правда.

Овој закон произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил:Катерина Јаневска
Контролирал: Митра Спасовска
Одобрил: Стојан Тодоров

## В О В Е Д

### I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Уставот на Република Македонија во посебна глава ги обработува основните права и слободи на човекот поделени во две поглавја, граѓански и политички слободи и права и економски, социјални и културни права.

Во поглавјето граѓански и политички слободи и права на слободата на здружувањето му е посветен посебен член според кој слободата на здружување Уставот ја утврдува на тој начин што ги означува целите на здружувањето кои се изразуваат преку остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и се определуваат организационите облици на здружување во вид на здруженија и политички партии.

На основите на Уставот на Република Македонија, во 1998 година беше донесен Законот за здруженијата на граѓани и фондациите („Службен весник на РМ„ бр.31/98), кој што ги уреди прашањата за формирање на здруженијата и фондациите со што се овозможи брз развој на невладиниот сектор изразен во голем број граѓански здруженија, кои остваруваат најразлични интереси и се од најразлични области од општествениот систем.

Во меѓувреме, од донесувањето на Законот, а во услови на интезивни и динамични пред сé нормативно-правни промени, се наметна потребата од изменување и дополнување на постојниот Закон што резултираше со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (Службен весник на РМ„ бр. 29/07).

Поаѓајќи од фактот дека развојот на граѓанскиот сектор е од исклучителна важност за развој на демократијата и демократското општество, Владата на Република Македонија донесе Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2007 – 2011) и со неа се навести дека граѓанскиот сектор е важен фактор во градењето на демократското општество, а особено на учеството на граѓаните во севкупните општествени текови.

Една од основните стратешкии цели зацртани во тој период беше да продолжи надградбата на правната рамка која се однесува на граѓанските организации во Република Македонија за да се обезбедат пофлексибилни услови за нивно основање и функционирање и да се усогласи со европското законодавство од оваа област.

Во овој поглед, се оценува дека сегашната правна рамка не дава можност граѓанскиот сектор да се развива и во него да бидат вклучени повеќе категории на заинтересирани субјекти.

Потребата од донесување на нов закон за здруженијата и фондации произлезе и од согледувањата на практиките и регулативите на европско ниво од областа на правото на слободно здружување, како што се Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи, одлуките на Судот за човекови права, одлуките на Европскиот суд на правдата, основните принципи за статусот на невладините организации во Европа донесени од страна на Советот на Европа.

### II. ЦЕЛИТЕ, НАЧЕЛАТА И ОСНОВНИТЕ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Основна цел на Предлогот на Законот е да се обезбеди полиберално слободно здружување согласно европските практики, според кои, покрај граѓаните како државјани на Република Македонија, да можат странците, правните лица и малолетните граѓани да основаат здруженија и фондации.

Основата на оваа определба произлегува од Европската конвенција за заштита на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права, Конвенцијата за правата на детето и Препораките на Советот на Европа .

Предложениот закон ќе овозможи здруженијата, фондациите и сојузите директно да се занимаваат со економски активности од кои може да се оствари добивка без да се основа трговско друштво, со тоа што приходите стекнати од таквата дејност да мора да бидат употребени за финансирање на работата на организацијата. Ова решение ќе го зајакне економскиот потенцијал на невладиниот сектор.

Во Предлогот на Законот посебно внимание се посветува на дефинирањето на статусот на организациите од јавен интрес, како основа за издвојување на организациите кои работат за општо добро и од јавен интерес, а поддршката би ја добиле од државата преку разните форми на давање на погодности.

Законот чие донесуваљ се предлага се заснова на начелата:

- слобода на здружување;
- слобода на здружување на физички и правни лица, домашни и странски државјани;
- слобода и независност во поставувањето на целите, донесувањето на одлуките и планирањето на активностите;
- добро управување преку воспоставување на внатрешен систем на контрола; и
- транспарентност и јавност во работењето.

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага нема финансиски последици врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот чие донесување се предлага нема да предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија.

## V. ПРЕГЛЕД НА РЕГУЛАТИВАТА ОД ДРУГИ ПРАВНИ СИСТЕМИ И УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ СО ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Во прилог е краток преглед на меѓународните документи, закони и препораки кои се однесуваат на прашањата поврзани со формирањето на здруженијата.

### Совет на Европа:

### Европска конвенција за заштита на на човековите права и основни слободи

1. Секој има право на слобода на мирно собирање и здружување со други, вклучувајќи го и правото да основа синдикати и да им се придружува на синдикатите за заштита на свои интереси.

2. Остварувањето на овие права може да биде ограничено само со законски мерки што во едно демократско општество се неопходни за националната безбедност, јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на злосторствата; заштита на здравјето или моралот или заштита на правата и слободите на други. Со овој член не се забранува наметнување законски ограничувања за припадниците на оружените сили, полицијата или државната администрација.

Совет на Европа:
Препорака ЦМ / Рец (2007) 14 на Комитетот на министри до земјите членки, во врска со правниот статус на невладините организации во Европа

1. Невладини организации се основани основани од поединечни лица (физички или правни) и од страна на групи на таквите лица. Тие можат да бидат базирани на членство или да немаат членство.

2. Секое лице, без оглед дали е правно или физичко, домашно или странско, или група на такви лица, треба да се слободни во намерата да основаат невладини организации, во случајот со невладини организации кои немаат членство истово да може да го стори тоа по пат на подарок или наследство.

3. Две или повеќе лица треба да можат да основаат невладина организација базирана на членови но за да би оствариле својство на правно лице потребно е бројот на членови на таа организација да биде поголем, но висината на бројот на членови не треба да биде толку висок со што би се обесхрабрило основање на невладина организација со својство на правно лице.

4. Физички и правни лица, домашни и странски треба да имаат право да основаат граѓански организации. Исто така треба да се земе во предвид и правото на малолетници да бидат членови во овие организации.
Поголемиот број закони за граѓански организации дозволуваат физички лица да основаат граѓанска организација, но некои закони не дозволуваат правните лица, како корпорации да основаат вакви организации. Пожелно е да се дозволи на сите правни лица да формираат граѓански организации.

РЕГИСТРАЦИЈА
Совет на Европа:
Препорака ЦМ / Рец (2007) 14 на Комитетот на министри до земјите членки, во врска со правниот статус на невладините организации во Европа

1. Невладини организации можат да бидат неформални тела или организации, или да имаат својство на правно лице.
Слично член 5 од Основните начела утврдува дека „*НВО можат да бидат или неформални тела или организации кои имаат правен субјективитет. Тие можат да уживаат различен третман во националните законодавства со цел да се утврдат разликите во финансиските или други бенефиции кои следуваат со правниот субјективитет Образложението на Основните начела го дава следново објаснување: невладината организација може да има за цел да ги врши своите активности без да сака да добие правен субјективитет, и важно е националните закони тоа право да го признаат.*

Поради тоа, доколку не постои потреба да се заштити јавениот интерес, првенствено треба да им се препушти на здруженијата да проценат дали ќе се регистрираат или не (особено на оние кои се формирани за постигнување на различни *ad hok цели чистење на улица во соседството). Уште повеќе, државата не треба да се грижи дека доколку се дозволат нерегистрирани здруженија дека тоа ќе резултура во беззаконие ако тие го прекршат законот, државата може да делува против членовите на групата исто како што би делувала против било кој индивидуалец, член на таа група.*

Од друга страна не треба да се претпостави дека неформалните организации треба еднакво да се третираат како и регистрираните здруженија. Актот на регистрацијата секако ќе резултира со повеќе привилегии поврзани со статусот на правен субјект (право да има своја сметка, да склучува договори, да има вработени) и исто така ја ограничува одговорноста на индивидуални лица како основачи, директори и слично**.**

ПРЕГЛЕД НА ЛЕГИСЛАТИВА ЗА НВО ВО ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА
(подготвено од Меѓународниот центар за непрофитно право)www.icnl.org

| **УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ИМААТ ЧЛЕНСТВО** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земја** | **ин им ум сно вач и** | **Дозволено да основа и членува?** | | | | | **Специјални сојузи или други форми на здружување? Ако да, колку здруженија се потребни за основање?** |
| | | **раѓ ани** | **осто јано прес тоју ва во земј ата** | **С транц и** | **рав ни лиц а** | **М алолет ници** | |
| **Албанија** | 2/5 | Да | Да | Да | Да | | Не |
| **Босна и Херцеговина (Државно ниво)** | 3 | Да | Да | Да, ако странец от престојува или е регистриран | Да | Да | |
| **(Федерација БиХ)** | 3 | Да | Да | Да | Да | Да | |
| **(Р. Српска)** | 3 | Да | Да | Да | Да | Да | |
| **Бугарија** | 3 | Да | Да | Да | Да | | Не |
| **Хрватска** | 3 | Да | Да | Да | Да | Не | Да; мин. 2 |
| **Чешка** | 3 | Да | Само да членуваат | Само да членуваат | Само да членуваат | Да | Да; мин. 2 |
| **Естонија** | 2 | Да | Да | Да | Да | | |
| **Унгарија** | 10 | Да | Да | Да | Да | | |
| ***Летонија*** | 10 | Да | Да | Да | Да | Да | Да; мин. 2 |
| **Косово** Здружения Фондации | 3 | Да | Да | Да | Да | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Литванија** | 3 | Да | Да | Да | Да | | |
| **Македонија** | 5 | Да | Само да членуваат | Само да членуваат | Не | Не | Да; здруженија и фондации |
| **Полска** (Здруженија) | 15 | Да | Само да членуваат | Само да членуваат | Не | Само да членуваат (16+) | Да; мин. 2 |
| (Едноставни здруженија) | 3 | Да | Да | Да | Не | | Не |
| **Романија** | 3 | Да | Да | Да | Да | | Да; мин. 2 (здруженија и фондации) |
| **Словачка** | 3 | Да | Само да членуваат | Да | Само да членуваат | Да | Да; мин. 2 |
| **Словенија** | 10 | Да | Само да членуваат | Само да членуваат ако е определено со статут | Не | | |
| **Србија** | 10 | Да | Да | Да | Да | Да, со дадена согласност на законски застапник | Да |
| **Црна Гора** | 5 | Да | Да | Да | Да | Да | Да; мин. 2 правни лица |

ПРЕДЛОГ- ЗАКОН

ЗА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1.Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок на здрженијата, фондациите, сојузите, организационите облици на странските организации во Република Македонија, имотот со кој располагаат, надзорот, статусните промени и статусот на организациите од јавен интерес.

Член 2

Одредбите на овој закон не се однесуваат на политичките партии, црквите, верските заедници и религиозните групи, синдикатите, коморите и други видови на здружување уредени со посебни закони.

### 2.Значење на изразите употребени во овој закон

Член 3

Одделните изрази употребени во овој закон го имаат следното значење:

1. „Организација” е секое здружение, фондација, сојуз и организационите облици на странска организација, регистрирани согласно одредбите на овој закон;
2. „Дејност” е активност класифицирана според националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот:
3. „Акт за основање” е актот со кој се основа организацијата;
4. „Имот” на организација се сите, сопственички и други стварни права што организацијата ги стекнува над движните и недвижни ствари и правата кои основачите ги вложиле во организацијата и кои организацијата ги стекнала со своето работење;
5. „Статут” е акт со кој се уредува дејноста, организационата поставеност и функционирањето на организацијата;
6. „Статусни промени” означуваат присоединување, спојување и поделба на организацијата на начин и услови определени со овој закон;
7. „Други акти” се акти со кои се уредуваат односите што не се уредени со актот за основање или со статутот (правилник, одлука, деловник, програма и други акти);
8. „Орган за надзор” е органот (надзорен одбор, комисија за ревизија или контролор) чии работи се поврзани со надзорот над работењето на организацијата;
9. „Имотна маса“ се пари, ствари и/или права кои основачот, ги отстапува и пренесува на фондацијата во постапката на основање;
10. „Застапник” е лице или орган во организацијата (застапник на здружение, директор на фондација, или орган определен со статут) чии права, овластувања и одговорности се поврзани со раководењето на организацијата и застапувањето на организацијата во согласност со закон;
11. „Одлучување без присуство” е начин преку кој членовите на органите се изјаснуваат, без одржување седница на органот или без прусуство на член на органот, а преку телефонска конференција, потпишување на актот или на друг начин уреден со статутот на организацијата;
12. „Заверена изјава/согласност” е акт чиј потпис е заверен кај нотар;
13. „Лице” е секое физичко и правно лице, освен ако не е нагласено дека е физичко лице или дека е правно лице;
14. „Странска организација“ во смисла на овој закон е странско или меѓународно здружение, фондација или друг облик на организација основана за остварување на заедничка цел која не е за стекнување добивка, и е основана во согласност со правниот систем на странската држава.

15. „Странско физичко лице" е лице кое има живеалиште или престојувалиште во Република Македонија.

15. „Организација со статус од јавен интерес" е организација која се стекнала со статус на организација од јавен интерес во согласност со овој закон;

16. „Судир на интереси" подразбира судир на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата со приватниот интерес на лицето кое има овластувања и должности, во кои приватниот интерес влијае или може да влијае врз вршењето на овластувањата и должностите во врска со работењето на организацијата; и

17. „Цел" на организацијата е проектиран резултат или состојба која организацијата треба да ја постигне.

3.Право на здружување

Член 4

(1)Правото на слободно здружување се остварува преку здружување на здруженија, фондации, сојузи и организационите облици на странски организации (во натамошниот текст организации) за остварување и заштита на права, интереси и уверувања во согласност со Уставот и закон.

(2)Се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост, презема активности кои се спротивни на Уставот или закон и се повредуваат слободите и правата на други лица.

4.Здружување на организации

Член 5

(1) Две или повеќе здруженија или фондации можат да се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, која може да има својство на правно лице, да се регистрира во согласнот со овој закон.

(2) Сојузите и другите форми на здружување можат да членуваат или да соработуваат во меѓународни организации и здруженија.

(3) Здруженијата или фондациите кои се здружуваат во сојуз или друга форма на здружување, а не се регистрирани во согласност со овој закон, со здружувањето не го губат својството на правно лице.

5.Стекнување својство на правно лице (правен субјективитет)

Член 6

(1) Организациите се стекнуваат со својство на правно лице со уписот во регистарот што го води Централниот регистар на Република Македонија (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) Здруженијата и фондациите не можат да се трансформираат во други видови на правни лица.

6.Време на дејствување на организацијата и олеснување

Член 7

(1) Ако со актот за основање, односно со статутот е определено времето на дејствување на организацијата, по истекот на времето за кое е основана организацијата се брише од Регистарот.

(2) Организациите со статус од јавен интерес имаат даночните и царински олеснувања во согласност со закон.

### 7.Име на организацијата

Член 8

(1) Секоја организација регистрирана според одредбите на овој закон има име и скратено име ако тоа е предвидено со статутот и е запишано во Регистарот.

(2) Името и скратеното име на организацијата јасно се разликуваат од имињата на другите организации кои се запишани во Регистарот.

(3) Во името на:

- здружението е содржан зборот здружение, или друг израз со слично значење определен со статутот на здружението;

- сојузот е содржан зборот сојуз или друг израз со слично значење определен со статутот на сојузот;

- фондацијата е содржан зборот фондација или друг израз со слично значење определен со статутот на фондацијата.

(4) За прашањата за името кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредува име на фирма на трговско друштво.

### 8.Употреба на зборот ,,Македонија" или име на единица на локална самоуправа

Член 9

(1) Зборот ,,Македонија" и зборовите изведени од него како и неговите кратенки, може да се содржани во името на организацијата само со одобрение на Министерството за правда.

(2) Ако во името на организацијата се содржани зборови со името на општината односно градот Скопје, одобрение дава надлежниот орган на општината, на општините во градот Скопје и градот Скопје.

## II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

### 1.Независност

Член 10

Организациите се независни во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени со нивниот статут во согласност со Уставот и закон.

### 2.Јавност и транспарентност

Член 11

(1) Работата на организацијата е јавна.

(2) Јавноста на работењето на организацијата се остварува преку транспарентно објавување на статутите и другите акти на организацијата во согласност со статутот на организацијата.

### 3.Непрофитност

Член 12

(1) Организациите не можат да се основаат за стекнување со добивка.

(2) Организациите можат да вршат дејности со кои може да стекнат добивка, ако дејноста е поврзана со целите утврдени со статутот.

(2) Ако во работењето на организациите се оствари добивка, таа мора да биде употребена за остварување на целите утврдени со статутот.

(3) Остварената добивка од ставот (3) на овој член, не може да се распределува помеѓу основачите, членовите, членови на органите, директорите, вработените или било кое друго со нив поврзано лице.

4.Непартиско делување

Член 13

(1) Организациите не можат да вршат активности на политичка партија, односно не можат да обезбедуваат директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијаат на изборите.

(2) Како активност на политичка партија во смисла на ставот (1) на овој член се подразбираат учество на организациите во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија.

5.Иницијативи во јавниот живот

Член 14

Организациите можат слободно да ги искажуваат и промовираат своите ставови и мислења за прашања од нивен интерес, да поведуваат иницијативи и да учествуваат во градење на јавно мислење.

III. ЗДРУЖЕНИЈА

1.Основачи

Член 15

(1) Здружение можат да основаат физички и правни лица.

(2) Здружение можат да основаат најмалку пет основачи, од кои три од основачите мора да имаат живеалиште или престојувалиште односно седиште на територијата на Република Македонија.

(3) Здружение можат да основаат и малолетни лица со навршена петнаесет годишна возраст преку заверена изјава на нотар за согласност за основање на здружение од нивниот законски застапник, за целите за кои се основа здружението , во согласност со закон.

2.Основање

Член 16

(1) Здружението се основа на основачко собрание.

(2) На основачкото собрание се донесува акт за основање, програма, статут и се избираат органите на здружението.

3.Акт за основање

Член 17

(1) Актот за основање на здружението содржи;

- име, седиште и адреса на здружението;
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот односно единствен даночен број на основачите на здружението; и
- цели на здружението;

(2) Актот за основање или негов дел може да се менува ако за тоа има изрична волја на основачите.

4.Статут и содржина на статутот

Член 18

(1) Здружението има статут.

(2) Со статутот на здружението се уредуваат:

- името и седиштето;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- начин на одлучување за зачленување, за исклучување и престанок на членувањето во здружението;

- права, обврски и одговорности на членовите;
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начин на одлучување;
- застапување по закон;
- начин на стекнување и располагање со средствата;
- начин на донесување на финансиски и други извештаи;
- начин на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начин на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начин на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- начин на донесување на планови и програми;
- постапување со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението;
- знак и симбол на здружението; и
- други прашања утврдени со закон

(3) Со статутот на здружението можат да се уредат и:

- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и сл.), ако ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси;
- начин на разрешување на спорни прашања; и
- други прашања од значење за работата на здружението;

5.Членување во здружение

Член 19

(1) Членувањето во здружението е доброволно.

(2) Основачите се членови на здружението со еднакви права и одговорности како и другите членови на здружението.

(3) Физичко лице може да биде член на здружението независно од неговата возраст во согласност со статутот.

(4) Малолетно лице со наполнети 14 години, а не наполнети 18 години возраст се зачленува во здружението со давање заверена изјава на нотар на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

(5) Лицата со ограничена деловна способност или лицата на кои им е одземена деловната способност можат да бидат членови во здружението со заверена изјава на нотар на законскиот застапник во согласност со закон.

6.Регистар на членови

Член 20

(1) Здружението води регистар на членови, и евиденција на членовите на органите.

(2) Податоците од ставот (1) на овој член се ажурираат најмалку еднаш на две години.

(3) Здруженијата ја гарантираат анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

(4) Податоците од ставот (1) на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

7.Управување на здружението

Член 21

Со здружението управуваат членовите непосредно или преку избраните претставници во органите на здружението.

8.Собрание на здружението

Член 22

(1) Собранието е највисок орган на здружението и го сочинуваат сите членови.

(2) Со статутот може да се определи начинот на преставување на членовите на здружението во собранието на здружението, преку свои избрани претставници.

9.Надлежност на собранието

Член 23

Собранието:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб-страна;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на здружението;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни промени на здружението;
- одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на здружението; и
- врши и други работи во согласност со статутот и актите на здружението.

10.Работа на собранието

Член 24

(1) Собранието работи на седници.

(2)Собранието по правило седница одржува најмалку еднаш годишно, а со статутот на здружението може да се определи и рок пократок од една година за одржување на седница.

(3) Вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на здружението.

(4) Вонредната седница на собранието од ставот (3) на овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

(5) Начинот на свикување на собранието, работата и донесувањето на одлуките, и одлучувањето без присуство, се уредуваат со статутот на здружението.

11.Застапник на здружението

Член 25

(1) Здружението има едно или повеќе лица, овластени за застапување на здружението (во понатамошниот текст: застапник), избран односно именуван на начин утврден со статутот.

(2) Со статутот се утврдува името на застапникот.

(3) Застапник на здружението може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија во согласност со закон.

(4) Правата и обврските застапникот на здружението ги врши во согласност со закон, статутот и актите на здружението.

12.Други органи на здружението

Член 26

Со статутот на здружението може да се предвидат и други органи на здружението во согласност со закон.

## IV. ФОНДАЦИИ

### 1.Основање

Член 27

(1) Фондацијата е правно лице формирана за остварување на цел со стекнување и управување на имот и средства во согласност со овој закон.

(2) Фондацијата се основа со имотна маса која изнесува најмалку 10.000 ЕУР во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија, изразена во пари, хартии од вредност или друг имот на денот на поднесувањето на актот за запишување во Регистарот.

(3) Ако регистрацијата на фондацијата е утврдена со тестамент, а таа не е регистрирана , имотната маса се распределува согласно закон.

### 2.Основачи на фондацијата

Член 28

(1) Фондацијата ја основаат еден или повеќе основачи.

(2) Како основачи на фондацијата можат да се јават физички и правни лица.

(3) Фондацијата се основа со акт за основање или како последна волја изјавена со тестамент или легат заверен пред нотар.

### 3.Акт за основање

Член 29

(1) Актот за основање на фондацијата содржи:

- име и седиште на фондацијата;
- име, адреса или седиште и единствен матичен број на граѓанинот или единствен даночен број на основачот на фондацијата;
- цели на фондацијата; и
- висината на имотната маса со која се основа фондацијата изразена во пари за секој основач одделно.

(2) Актот за основање може да содржи и други одредби за основање и делување на фондацијата, како и за промена на целта, името, начинот на изменување и дополнување на статутот и престанокот на фондацијата.

(3) Актот за основање се потпишува од основачите и се заверува пред нотар.

### 4.Учество во управувањето

Член 30

(1) Начинот на учеството на основачот во управувањето со фондацијата се уредуваат со статутот на фондацијата.

(2) Правото на основачот за учество во управувањето со фондацијата не може да се пренесе на неговите наследници.

### 5.Статут и содржина на статутот

Член 31

(1)Фондацијата има статут.

(2) Со статутот се уредуваат:

- името и седиштето на фондацијата;
- целите на фондацијата;
- дејноста со која се остваруваат целите на фондацијата;
- внатрешната организација, видот и составот на органите, надлежностите, начинот на избор и разрешување на членовите на органите, траење на мандатот на членовите на органите и начинот на одлучување;
- законското застапување;
- начин на стекнување и располагање со средствата;

- начин за донесување на деловни, финансиски и други извештаи;
- начинот на остварување на јавност и транспарентност во работата;
- начинот на донесувањето, изменување и дополнувањата на статутот;
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на фондацијата;
- постапување со средствата на фондацијата во случај на престанок на фондацијата;
- знакот и симболот на фондацијата;
- начин на донесување на планови и програми; и
- други прашања утврдени со закон.

(3) Со статутот на фондацијата може да се уреди и:

- внатрешните организациони форми на фондацијата (подружници, ограноци и сл.), ако фондацијата ги има;
- начинот на донесување на другите акти;
- судир на интереси; и
- други прашања од значење за работа и начин на разрешување на спорови на фондацијата.

(4) Со статутот на фондацијата се уредува начинот на одлучување за вршење на дејност, името, измените и дополнувањата на статутот, како и за престанокот на фондацијата.

6.Лице одговорно за одобрување на статутот

Член 32

(1) Статутот е составен и одобрен во согласност со основачите, ако со актот на основање не е определено поинаку.

(2) Ако фондацијата е основана со изјава согласно член 28 став (3) од овој закон, статутот го составува извршителот на тестаментот односно легатот, освен ако со последната изјава на волја не е утврдено поинаку.

7.Органи на фондацијата

Член 33

(1) Фондацијата има одбор и директор.

(2) Со статутот на фондацијата можат да се предвидат и други органи.

8.Одбор на фондацијата

Член 34

(1) Одборот е највисок орган на управување на фондацијата.

(2) Основачот при основањето на фондацијата го именува одборот на фондацијата, освен ако со актот за основање или статутот не е поинаку определено.

(3) Одборот на фондацијата работи на начин утврден со статутот на фондацијата.

9.Надлежност на одборот

Член 35

Одборот на фондацијата:

- донесува статут, програма и други акти;
- усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб-страна;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за промена на целта на фондацијата;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на фондацијата;
- избира и разрешува членови на органите;
- одлучува за статусни промени на фондацијата;
- одлучува за престанок на фондацијата; и

- врши и други работи во согласност со статутот и актите на фондацијата.

10.Раководење со фондацијата

Член 36

(1) Со фондацијата раководи директор.

(2) Фондацијата може да има еден или повеќе директори овластени за застапување на фондацијата, избрани на начин утврден со статутот.

(3) Директор може да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Република Македонија.

(4) Директорот своите права, обврски и одговорности ги врши во согласност со овој закон, статутот и актите на фондацијата.

## V. ОРГАНИЗАЦИОНИ ОБЛИЦИ НА СТРАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

1.Странско лице и странски организации

Член 37

(1) Како основачи и членови на организација согласно овој закон можат да бидат и странски лица.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член ги имаат истите права и обврски како и домашните лица, освен ако со закон поинаку не е определено.

2.Странска организација

Член 38

(1) Странските организации можат да делуваат во Република Македонија преку подружница, канцеларија или друг организационен облик на странските организации кои имаат седиште на територијата на Република Македонија.

(2) Во Република Македонија странските организации работат во согласност со одредбите на овој закон освен ако со ратификуван меѓународен договор не е поинаку уредено.

3.Акт за основање

Член 39

(1) Организационите облици на странските организациии се основаат со акт на странската организација за нејзино основање во Република Македонија.

(2) Актот од став (1) на овој член содржи:

- име и седиште на странската организација која основа организационен облик;
- целта на странската организација и целта на организациониот облик на странската организација; и
- име и седиште на организациониот облик на странската организација;

(3) Актот од ставот (1) на овој член го потпишува овластено лице на странската организација и се заверува пред нотар.

## VI. РЕГИСТРАЦИЈА

1.Регистри

Член 40

(1) Регистарот води:

- регистар на здруженија и регистар на сојузи;
- регистар на фондации;
- регистар на организациони облици на странските организации.

(2) Регистрите од ставот (1) од овој член се водат во пишан облик и како единствена централна електронска база на податоци кои се објавуваат на веб страна на Регистарот.

(3) Формата, содржината и начинот на запишување и водење на регистрите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за правда.

## 2.Содржина на регистрите

### Член 41

(1) Во регистрите се запишуваат:

- полното име на организацијата и скратеното име ако го има;
- седиште;
- акт за основање;
- датум на основање;
- име, презиме и единствен матичен број на граѓанинот и единствен даночен број на основачите;
- датум на донесување, односно изменување и дополнување на статутот;
- предвиденото време за кое организацијата се основа;
- цели и дејности;
- име, презиме и единствен матичен број на застапникот по закон;
- податоци за организациски единици (подружници, канцеларија и сл.);
- податоци за статус на организација од јавен интерес;
- податоци за статусни промени;
- податоци за стечај и ликвидација ;
- забелешка за започнување постапка за забрана на вршење на дејност;
- престанок на работа; и
- број и датум на решение за запишување, за промена на податоци и решение за бришење на уписот во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон.

(2) За фондациите освен податоците од ставот (1) на овој член, се запишува и почетната имотна маса.

(3) За организационите облици на странските организации се запишува и:

- државата во која е регистрирана странската организација и седиштето на организацијата во таа држава; и
- името на организациската форма и вид на странската организација согласно прописите на државата во која е регистрирана странската организација.

(4) За организациите со статус од јавен интерес се запишуваат името, презимето и единствениот матичен број на членовите на органот за надзор.

## 3.Запишување во Регистарот

### Член 42

(1) Запишувањето во Регистарот се врши со пријава за запишување која се поднесува во рок од 30 дена од денот на донесувањето на актот за основање, односно одлуката на странската организација за основање на организациониот облик на странската организација во Република Македонија.

(2) Пријавата за запишување ја поднесува застапникот.

(3) За запишувањето од став (1) на овој член во регистарот, здруженијата и фондациите поднесуваат:

- акт за основање;
- статут во два примероци;
- програма за дејствување;
- одлука за избор на органите и податоци за членовите на органите;
- одлука за избор на застапник по закон со неговите податоци;
- записник од основачкото собрание или извештај за основањето; и
- изјава заверена кај нотар потпишана од застапникот со која се потврдува дека вршењето на дејноста е во согласност со закон;

(4) За запишување во регистарот на организациониот облик на странската организација со пријавата се поднесуваат:

- заверена фотокопија на актот за основање на странската организација и заверен превод за регистрација во странската држава во која е основана или друг

документ што потврдува дека организацијата може да делува во Република Македонија:
- заверена фотокопија на одлуката и заверен превод на одлуката на надлежниот орган за основање на организациониот облик во Република Македонија;
- фотокопија и заверен превод на статутот или друг соодветен акт;
- програмата за дејствување во Република Македонија;
- заверена одлука и превод за изборот на органите со лични податоци на лицата кои членуваат во органите;
- заверен превод на одлуката и одлуката за избор на законски застапник со лични податоци заверена фотокопија на исправата за идентификација на тоа лице и документ за регулиран престој , односно живеалиште во Република Македонија; и
- заверен превод на одлуката за лице овластено од законскиот застапник за регистрација на организациониот облик на странската организација во Република Македонија.

4.Решение за запишување

Член 43

(1) Регистарот е должен во рок од пет дена од денот на поднесувањето на пријавата за запишување да донесе решение за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) на овој закон.

(2) Решението за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се доставува до подносителот на пријавата во рок од три дена од денот на донесувањето на решението.

(3) Со решението за запишување во регистарот се доставува примерок од статутот заверен со печат на Регистарот.

(4) Со запишувањето во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон, организацијата се стекнува со својство на правно лице.

5.Дополнување и одбивање

Член 44

(1) Ако Регистарот утврди дека пријавата за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) на овој закон не е во согласност со член 42 од овој закон ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе определи рок од 30 дена во кој е должен да постапи по укажувањето.

(2) Ако во определениот рок подносителот на барањето за регистрација не постапи по укажувањето, Регистарот со решение ќе го одбие барањето за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон.

6.Право на жалба

Член 45

Против решението на Регистарот со кое е одбиено барањето за запишување во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон организацијата има право на жалба до Комисијата за жалби утврдена со Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, во рок од 15 дена од приемот на решението.

7.Запишување за промена на податоци

Член 46

(1) Организациите кои извршиле промена на податоците кои се впишуваат во соодветен регистар од член 40 став (1) од овој закон се должни во рок од 30 дена од денот на извршените промени да поднесат пријава до Регистарот за запишување на промените.

(2) Пријава за извршените промени поднесува застапникот.

(3) За запишување на промените на податоците во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се применуваат одредбите за запишување утврдени со овој закон.

## 8.Јавност на регистарот

### Член 47

Податоците во соодветниот регистар од член 40 став (1) од овој закон се јавни, и се објавуваат на веб страната на Регистарот.

## VII. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

## 1.Извори на финансирање

### Член 48

Здруженијата, фондациите и сојузите средствата за финансирање ги стекнуваат од членарина, основачки влогови, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, кирии и закупнини, како и приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон и со статутот.

## 2.Средства од буџетите

### Член 49

(1) Организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

(2) Владата на Република Македонија и советите на општините, советите на општините во градот Скопје и советот на градот Скопје поблиску ги уредуваат условите за распределба и користење на средствата од ставот (1) на овој член.

(3) Владата на Република Македонија, односно надлежните органи на државната управа и општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесуваат годишни планови и програми за распределба на средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Органите на државната управа , општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на својата веб – страна ги објавуваат организациите кои ги добиле средствата од ставот (1) од овој член како и целите на организациите за кои ги добиле тие средства.

## 3.Употреба на средствата

### Член 50

(1) Финансиските средства на организациите се употребуваат за остварување на целите на организацијата определени со статутот и програмата.

(2) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на организацијата, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и статутот.

(3) Средствата на организацијата не можат да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на организацијата е корисник на услугите на организацијата во согласност со целите определени со статутот и програмата на организацијата.

(4) Работата во органите на организациите по правило е доброволна, а членовите на органите на организациите може да примаат надоместок на патни и дневни трошоци како и надоместок за вршење на работи во органите на организацијата во согласност со закон.

(5) Вработените имаат право на плата и надоместоци, во согласност со закон и колективен договор.

## 4.Одговорност за обврските

### Член 51

(1) Организациите одговараат за своите обврски со целиот свој имот и средства.

(2) Членовите на органите на организациите одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон организацијата, за злоупотреба на средствата на организацијата, за

постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на организацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

5.Одговорност за штета

Член 52

(1) Членовите на органите на организациите и нивните застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на организацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

(2) Барање за надоместок на штета поднесува органот определен со статутот или највисокиот орган, ако со статутот не е определен орган.

6.Извештаи за работа

Член 53

(1)Организациите се должни на својата веб страна или на друг начин да ги објавуваат годишните извештаи за нивното работење.

(2)Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб локација или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста.

(3) Извештаите од став (1) и став (2), организациите се должни да ги објават најдоцна до 31 март за предходната година.

7.Располагање со средствата во случај на престанок

Член 54

(1) Во случај на престанок на работата на организацијата, средствата што остануваат по намирување на обврските, се користат на начин утврден со статутот.

(2) Ако со статутот не е определен примателот на средствата што остануваат по намирување на обврските од став 1 на овој член, тие средства се пренесуваат на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје има седиште организацијата.

(3) Во случај на престанок на организацијата со статус на јавен интерес, сретствата се пренесуваат на друга организација со статус од јавен интерес со иста или слична цел на дејствување или на општината на чие подрачје има седиште организацијата, за што одлучува давателот на сретствата.

8. Пренесување на средствата во случај на забрана за работа

Член 55

Кога со одлука на надлежен суд се забранува работата на организацијата, имотот на организацијата се пренесува на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, на чие подрачје има седиште организацијата.

## VIII. НАДЗОР

1.Орган за надзор

Член 56

(1) Организациите имаат орган за надзор.

(2) Органот за надзор ја следи примената на статутот и програмата, се грижи за работењето и имотот на организацијата и врши други работи на начин утврден со статутот.

### 2.Надлежност за вршење на увид

#### Член 57

(1) Членовите на организацијата, вршат увид во работата на органите на организациите.

(2) Ако членовите на организацијата или членовите на органите на организацијата дознаат за неправилности во примената на статутот, или во финансиското работење, можат да побараат отстранување на неправилноста од органот определен со статутот, односно највисокиот орган ако со статутот не е определен друг орган.

### 3.Надзор

#### Член 58

Надзор на законитоста на примената на одредбите на овој закон врши Министерството за правда.

## IX СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

### 1.Поим и вид на статусни промени

#### Член 59

Статусната промена подразбира присоединување, спојување и поделба на организацијата извршена врз основа на одлука донесена од органот во согласност со овој закон и статутот.

### 2.Присоединување на организацијата

#### Член 60

(1) Присоединувањето е пренос на правата и обврските на една организација (организација што се присоединува) кон друга организација (организација што презема), врз основа на одлука и договор за присоединување.

(2) Договорот за присоединување ги содржи имињата и седиштето на организациите, начинот за пренос на имотот на организацијата што се присоединува со опис на правата и обврските кои се пренесуваат.

(3) Присоединувањето на една или повеќе организации кон друга се запишува во Централниот регистар.

(4) За уписот на присоединувањето соодветно се применуваат одредбите за упис во регистарот утврдени во овој закон.

(5) Со пријавата за упис се поднесуваат и одлуките од организациите кои учествуваат во присоединувањето за прифаќање на склучените договори за присоединување, во истоветен текст, договорот за присоединување и решение за упис во регистарот на организациите кои се присоединуваат.

(6) Со уписот за присоединување во регистарот престанува да постои организација што се присоединува.

### 3.Спојување на организации

#### Член 61

(1) Спојувањето е основање на нова организација на која преминуваат сите права и обврски на две или повеќе организации кои се спојуваат.

(2) Со спојувањето престануваат да постојат организациите кои што се споиле, а новонастанатата организација се смета за нова организација.

(3) За новата организација содветно се применуваат одредбите за основање на организација согласно овој закон.

### 4.Поделба на организации

Член 62

(1) Организацијата може да се подели на две или повеќе организации.

(2) Одлуката за поделба на организацијата има правно дејство на акт за основање.

(3) Поделената организација престанува да постои, а во постапката за упис на новонастанатите организации се применуваат одредбите за регистрација согласно овој закон.

(4) Организациите настанати со поделбата со денот на запишување во регистарот одговараат солидарно за обврските на поделената организација.

(5) Со барањето за запишување во регистарот се поднесува и делбен биланс.

## X. ПРЕСТАНОК И ЗАБРАНА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

### 1. Престанок на организацијата

Член 63

(1) Организацијата престанува да постои ако е:

- донесена одлука од органот определен со статутот за престанок на постоење;
- поминато двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на највисокиот орган утврден со статутот, а таа не е одржана:
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- истечено е времето определено со статутот, кога основањето на организацијата е за определено време;
- статусна промена која предвидува престанок на постоењето;
- донесена одлука на надлежен суд;
- стечај и
- спроведена ликвидација.

(2) Организацијата може да престане и ако бројот на членовите на организацијата се намали под бројот определен за основање.

### 2.Поведување на постапка за престанок на организацијата

Член 64

(1) Одлука за престанок на организацијата врз основа на член 63, став (1) алинеи 2 3 и 4 и став (2), од овој закон донесува надлежниот суд, на предлог на застапникот по закон, членовите на органите, членовите, или други лица во случаите кога не е донесена одлука за престанок на постоење од органот определен со статутот.

(2) Постапката за престанок на организацијата пред надлежниот суд се води според одредбите на Законот за парничната постапка.

(3) За престанокот на организацијата судот по службена должност го известува Регистарот.

### 3.Забрана на работа на организацијата

Член 65

Се забранува работата на организацијата ако:

- нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија;
- поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост;
- презема активности кои се спротивни на Уставот или закон; и
- се повредуваат слободите и правата на други лица.

### 4.Поведување постапка за забрана на работа на организациите

Член 66

(1) Секој може да поднесе иницијатива за забрана на работата на организациите на пред надлежниот јавен обвинител.

(2) Ако надлежниот основен јавен обвинител според седиштето на организацијата по службена должност или по поднесената иницијатива, оцени дека постојат причини за забрана на работа на организацијата во согласност со овој закон, ќе поднесе предлог до надлежниот суд.

(3) Постапката за забрана е итна.

### 5.Право на жалба

Член 67

(1) Против решението на основниот суд за забрана на работа на организацијата може да се поднесе жалба до надлежниот апелационен суд во рок од петнаесет дена од денот на приемот на решението.

(2) Основниот суд жалбата ја доставува до апелациониот суд во рок од три дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Апелациониот суд по жалбата одлучува во рок од осум дена од денот на приемот на жалбата.

### 6.Ликвидација

Член 68

(1) Ликвидација на организација се спроведува кога организацијата има доволно финансиски средства за покривање на своите обврски, а е донесена одлука (акт) за престанок на постоење од органот определен со статутот.

(2) За прашањата за постапка на ликвидација кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат прашања за ликвидација на трговски друштва.

(3) Постапката за ликвидација е итна.

### 7.Управување со организацијата во ликвидација

Член 69

(1) Со организацијата во ликвидација управува ликвидатор.

(2) Ликвидатор се именува на начин уреден со статут на организацијата или определен со одлуката за престанок на постоење на организацијата.

(3) Со именувањето на ликвидаторот престануваат овластувањата на органите и на застапникот.

(4) Застапувањето се пренесува на ликвидаторот со денот на отварање на постапката за ликвидација.

(5) Одлуката за престанок со ликвидација и за именување на ликвидатор, се доставува до Регистарот во рок од три дена од денот на нејзиното донесување.

(6) Во Регистарот се запишуваат податоците за ликвидаторот, а во името на организацијата се впишува ознака „во ликвидација".

### 8.Скратена постапка за ликвидација

Член 70

(1) Организацијата може да престане по скратена постапка за ликвидација, ако по донесувањето на одлуката за престанок на постоење од органот определен со статутот повеќето членови на собранието или застапниците на фондацијата и на странската организација, поднесат до Регистарот заверена изјава согласно закон, дека се подмирени сите обврски кон доверителите и кон вработените во организацијата.

(2) Лицата од ставот (1) од овој член одговараат солидарно за обврските на организацијата во рок од три години од денот на брише од Регистарот.

(3) Организацијата која престанува по скратена постапка се брише од Регистарот, а се впишуваат имињата и живеалиштето, односно седиштето на лицата од ставот (1) од овој член, со назнака за нивната солидарна одговорност за обврските на организацијата.

9.Постапка по спроведена ликвидација и стечај

Член 71

(1) Со средствата што остануваат по намирување на обврските, ликвидаторот постапува во согласност со овој закон и статутот на организацијата.

(2) По предавање на средствата на примателот, ликвидаторот поднесува барање за бришење од Регистарот, со кое приложува и извештај за ликвидацијата или стечајот и изјава дека сите средства се поделени во согласност со закон и статутот.

(3) Постапката за стечај на организациите се спроведува во согласност со закон.

10.Бришење од Регистар

Член 72

(1) Организацијата се брише од Регистарот врз основа на завршена ликвидација или стечај.

(2) Со бришење од Регистарот организацијата престанува да постои како правно лице.

## XI. СТАТУС НА ОРГАНИЗАЦИЈА ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

1.Поим на статус на јавен интерес

Член 73

Организациите може да се стекнат со статус од јавен интерес ако вршат дејности од јавен интерес, спроведување на програми и проекти на централно и/или локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и органите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје како и користење на финансиски средства за реализација на активностите.

2.Дејности од јавен интерес

Член 74

Дејности од јавен интерес се:

- развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права;
- помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби;
- заштита на деца и младинци;
- заштита на маргинилизирани лица и нивно социјално вклучување;
-заштита од злоупотреба на дрога, сексуално преносливи болести, малолетничка деликвенција, алхохолизам, проституција и трговија со луѓе:
- здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа;
- уметност, култура и заштита на културно наследство;
- аматерски спорт;
- заштита на животната средина и одржлив развој;
- локален и инфраструктурен развој;
- наука, образование и обука во образовниот процес;
- развој на етиката и моралот;
- хуманитарна и социјална помош, намалување на сиромаштијата;
- справување со елементарни непогоди;
- заштита и грижа за животни;
- заштита на потрошувачите;

- унапредување на добротворството и волонтерството; и
- друга дејност од јавен интерес определен со овој или друг закон.

### 3.Критериуми за јавен интерес

### Член 75

Здружението или фондацијата ќе се здобие со статус на организација од јавен интерес ако:

- е регистрирана согласно одредбите на овој закон;
- дејноста од јавен интерес е приоритетна дејност во нејзиното работење;
- работењето и дејствувањето е насочено кон поширока јавност и кон интересите на заедницата;
- има потребна организациска структура согласно овој закон;
- има простор за работа и кадровски капацитети;
- има соодветни финансиски ресурси, односно вкупна вредност на имотот или годишен приход од минимум 1.500 евра во денарска противвредност според курсот на Народна банка на Република Македонија;
- има пропишано правила за судир на интереси и за обезбедување на транспарентност и јавност во работењето;
- не е во стечај или ликвидација и нема блокирана жиро сметка; и
- има платени даноци и други јавни давачки.

### 4.Барање

### Член 76

(1) Здружението или фондацијата поднесува барање за добивање на статус на организација од јавен интерес до Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

(2)Кон барањето се поднесува и:

- решение за запишување во Регистарот;
- статут;
- програма за работа за тековната година;
- опис на дејноста од јавен интерес дефинирана во статутот и активностите со кои е спроведувана;
- препорака од организации или институции со кои соработувале;
- опис на организациската структура;
- опис на просториите за работа и кадровскиот капацитет;
- изјава за судир на интереси од застапникот;
- информација за економска и финансиска состојба на организацијата,
- завршна сметка;
- потврда од банка за состојба на жиро сметка;

- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација; и
- уверение дека со правосилна одлука не е изречена мерка на безбедност – забрана на вршење на дејност.

(3) Документите од став (2) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, и се доставуваат во оригинал или заверена копија на нотар.

(4) Статусот од јавен интерес е непренослив на организациите настанати со статусни промени.

### 5.Орган за надзор

### Член 77

(1) Организацијата од јавен интерес има орган за надзор.

(2) Органот за надзор:

- го следи спроведувањето на статутот и програмата на организацијата;

- се грижи за работењето и имотот на организацијата;
- го контролира начинот на работењето на органот на управување;
- поднесува извештај на собранието на здружението, односно на одборот на фондацијата и на органот од кој му се пренесени јавните овластувања најмалку еднаш годишно за финансиското и сметководственото работење:
- ја прегледува годишната завршна сметка и други акти на организацијата; и
- врши други работи утврдени со закон и статутот.

6.Неспоивост на функции

Член 78

(1) Членовите на органот за надзор не можат да бидат членови на други органите врз чија работа вршат надзор.

(2) Вработените во организацијата не можат да бидат членови на органот за надзор.

7.Определување на организации со статус од јавен интерес

Член 79

(1) Статусот на организациите од јавен интерес го определува Владата на Република Македонија по предлог на Комисијата за организации со статус од јавен интерес (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата од став (1) на овој член ја формира Владата на Република Македонија.

(3) Комисијата е составена од претседател и шест члена од кои по еден претставник од Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министерство за здравство и Министерството за образование и наука, како и еден претставник од Агенцијата за млади и спорт.

(4) Мандатот на претседателот и членовите на Комисијата е четири години.

8.Надлежности на Комисијата

Член 80

(1) Комисијата ги врши следните работи:
- дава предлози за доделување и престанок на статус на организација од јавен интерес;
- разгледува и дава мислења по деловни и финансиски извештаи за работата на организациите со статус од јавен интерес;
- предлага поведување прекршочна постапка;
- го утврдува годишниот извештај за својата работа за претходната година.

(2) Комисијата донесува деловник за својата работа.

(3) Извештајот од ставот (1) алинеја 4 Комисијата го објавува на својата веб страна.

9.Административно-технички работи

Член 81

(1) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

(2) Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Организационата единица за соработка со граѓански организации:

- подготвува предлози за доделување статус на организација од јавен интерес по доставено барање од страна на организациите:
- дава стручна и техничка помош на Комисијата во спроведувањето на нејзините активности;
- ги подготвува седниците на Комисијата;
- разгледува извештаи доставени од организациите со статус на јавен интерес и подготвува предлог до Комисијата за постапување по извештаите;
- одговара на прашања поставени од организациите со статус на јавен интерес и други заинтересирани лица;
- дава информации и совет за правните прашања што се однесуваат на организациите со статус на јавен интерес;

- доставува решение за доделување и одземање на статус од јавен интерес до Централниот регистар;
- одржува електронска база на податоци за работата на Комисијата и информација за регистрираните организации со статус на јавен интерес;
- ја следи работата на организациите со статус од јавен интерес;
- го објавува список на здруженија и фондации на кои им е доделен статус на организација од јавен интерес за претходната година; и
- врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

10.Постапка за добивање на статус на организација од јавен интерес

Член 82

(1) Барањето за добивање на статус на организација од јавен интерес се поднесува до Владата на Република Македонија преку Комисијата.

(2) Ако се утврди дека барањето не е комплетно, Комисијата ќе го повика подносителот на барањето и ќе му определи рок од 15 работни дена да постапи по укажувањето.

(3) Ако во рокот од ставот (2) на овој член, здружението или фондацијата не постапи по укажувањето, барањето ќе се смета дека не е поднесено.

11.Право на тужба

Член 83

(1) Владата на Република Македонија донесува решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(2) Против решението на Владата на Република Македонија, може да се поведе управен спор.

(3) Управниот суд по тужбата одлучува во рок од 30 дена од денот на приемот на тужбата.

12. Промени кои се забележуваат во Регистарот

Член 84

Ако организациите го изменат актот за основање, или статутот со што би се изгубил статусот на здружение и фондација од јавен интерес, или други промени кои се забележуваат во регистарот должни се да ја известат Комисијата во рок од 30 дена по извршената промена.

13.Извештаи

Член 85

(1)Организацијата со статус од јавен интерес е должна за својата работа еднаш годишно да поднесе деловен и финансиски извештај, одобрен од органот определен со статутот, за својата работа до Владата на Република Македонија за усвојување, а најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(2) Образецот за формата и содржината на извештаите од став (1) на овој член ги пропишува Министерот за финансии.

14.Ревизија

Член 86

(1) Здружението или фондацијата со статус од јавен интерес чиј годишен буџет е над 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија должни се да извршат независна годишна ревизија на своето финансиско работење, а ако имаат буџет над 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија, должни се да извршат ревизија во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

(2) Извештајот за ревизијата од став (1) на овој член се поднесува заедно со извештајот од член 77 став (2) алинеја 4 од овој закон, најмалку еднаш годишно.

15.Јавност на извештаите

Член 87

Извештаите од членовите 85 и 86 од овој закон се јавни и се објавуваат на веб страната на организацијата со статус од јавен интерес до 31 март во тековната година за предходната година.

16.Олеснувања

Член 88

Организациите со статус од јавен интерес покрај даночните и царински олеснувања утврдени во член 7 став (2)на овој закон имаат дополнителни даночни и царински олеснувања во согласност со закон.

17. Престанок на статус од јавен интерес

Член 89

(1) Статусот на организација од јавен интерес престанува:
- по барање на здружението или фондацијата;
- кога престанала да ги исполнува условите што се потребни за добивање на статусот организација од јавен интерес;
- ако не формира надзорен одбор и не постапува согласно статутот;
- ако не поднесе извештај во роковите определени со овој закон;
- ако не поднесе ревизиски извештај во роковите согласно овој закон; и
- со своето работење не го одразува јавниот интерес за кој го добила статусот.

(2) Комисијата донесува решение за престанок на статусот од јавен интерес.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4) Организациите од јавен интерес на кои им престанал статусот на организации од јавен интерес се должни во рок од 30 дена до Комисијата да достават извештај за периодот од последниот извештај до моментот на престанокот на статусот.

XII. ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

Член 90

(1) На организациите може да им се довери вршење на јавно овластување, со пренесување на надлежности од орган на државна управа, од орган на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и други органи кои имаат јавни овластувања, во согласност со закон.

(2) Јавното овластување од став (1) на овој член се доверува врз основа на програма на организацијата на начин и постапка за доверување на вршењето на јавното овластување, по објавен јавен повик во средствата за јавно информирање.

(3) Критериумите, начинот и постапката на доверување на вршењето на јавното овластување се утврдуваат со закон од соодветната област.

(4) На организациите може да им биде одземено вршењето на јавното овластување, поради злоупотреба или невршење на довереното овластување на начин и во постапка утврдена со закон.

XIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 91

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која врши дејност која не е во согласност со нејзините цели утврдени со статутот од член 18 и 31 од овој закон.

Член 92

Глоба во износ од 200  до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која во правниот промет не го користи името кое согласно член 41 од овој закон е запишано во Регистарот.

Член 93

(1)Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на застапникот ако во рокот од триесет дена утврден во член 46 од овој закон не поднесе пријава до Регистарот за запишување на промените.

(2)Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршокот од став (1) на овој член ќе се изрече и на организацијата.

Член 94

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која средствата на организацијата не ги користи во согласно со член 50 од овој закон.

Член 95

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која не ги објавува извештаите за финансиското работење согласно член 53  од овој закон.

Член 96

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата која нема да ја извести Комисијата, за промените од член 84 на овој закон.

Член 97

(1)Глоба во износ од 300 до 3000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице во организацијата со статус од јавен интерес ако не поднесе наративен и финансиски извештај согласно членот 85 од овој закон.

(2)Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок од став (1) на овој член ќе и се изрече и на организација.

Член 98

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата со статус од јавен интерес ако не изврши годишна ревизија на своето финансиско работење и не поднесе извештај согласно член 86 од овој закон.

Член 99

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организацијата со статус од јавен интерес ако не ги објави извештаите согласно член 87 од овој закон.

Член 100

Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противвредност за прекршок ќе и се изрече на организација со статус од јавен интерес ако во рок од триесет дена не достави извештај до Комисијата согласно член 89 став (4) од овој закон.

Член 101

Пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка на сторителот за прекршок ќе му се понуди порамнување од Министерството за финансии како надлежен орган за контрола на финансиското работење на организациите.

## XIV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 102

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се донесат подзаконските акти утврдени со овој закон.

Член 103

Започнатите постапки за регистрација на организациите започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на овој закон.

Член 104

(1)Организациите се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги усогласат актите со овој закон и да извршат пререгистрација во Регистарот.

(2)За организациите кои биле запишани во Регистарот, пререгистрацијата во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се врши без плаќање на такса или друг вид на надоместок.

Член 105

Имотот и средствата доделени на општествените организации и здруженија на граѓани добиен на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници се државна сопственост.

Член 106

(1)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп, доколку се користи за целите и задачите на здружението на граѓани согласно со закон.

(2)Имотот од став (1) на овој член не може да биде предмет на издавање во под закуп од страна на закупецот-организацијата.

(3)Здруженијата на граѓани правни следбеници на општествените организации и здруженија формирани за хуманитарни цели ќе го користат имотот во државна сопственост под закуп без надомест, доколку тој се користи за целите и задачите на здружението на граѓани.

(4)Закупниот однос меѓу здружението на граѓани и државата се уредува со договор согласно со закон.

(5)Договорот за закуп во име на државата го склучува органот на државната управа определен со закон.

Член 107

Во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се формира Комисијата од член 79 став (2) од овој закон.

Член 108

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Регистарот е должен да го усогласи водењето на регистрите утврдени со член 40 став (1) од овој закон.

Член 109

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за здруженијата на граѓани и фондациите (“Службен весник на Република Македонија” бр. 31/98 и 29/07).

Член 110

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од глава XI – Статус на организации од јавен интерес кои ќе отпочнат да се применуваат шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог - законот за здруженија и фондации содржи одредби кои ја унапредуваат работата на здруженијата и фондациите во повеќе делови, а воедно и појаснуваат одредени одредби од Законот за здруженијата на граѓани и фондациите кои што не беа доволно јасни. Предлог - законот во споредба со Законот за здруженијата на граѓани и фондациите е надополнет со уште една новина која се однесува на статусот на организација од јавен интерес.

При изработка на Предлог - законот користени се компаративни искуства од Република Хрватска и Република Србија, но исто така земени се предвид повеќе меѓународни документи со кои се регулира работата на организациите, како што се Основните начела за статусот на невладините организации во Европа подготвени од Советот на Европа.

Содржински, Законот за здруженија и фондации поделен е во четиринаесет тематски целини (глави): општи одредби, основни начела, здруженија, фондации, странски организации, регистрација, средства, надзор, статусни промени, престанок, статус на организација од јавен интерес, јавни овластувања, прекршочни одредби и преодни и завршни одредби.

Глава I „Општи одредби" од Предлог - законот, се однесува на општите одредби и се состои од девет члена. Во нив регулиран е предметот на законот, правото на здружување, организацијата како правно лице, времетраење на организацијата и името. При регулирањето на предметот на предлог - законот направено е јасно разграничување од формите на здружување кои не се опфатени со овој Предлог - закон како што се: политичките партии, верските заедници, синдикатите, здруженијата на работодавачи и коморите. Новина во овој Предлог - закон е воведувањето на член 3 со кој се дефинира значењето на поимите и изразите употребени во него. Воведувањето на овој член е со цел да ја олесни примената на законот и неговото толкување.

Глава II „Основни начела" има пет члена во кои се содржани основните начела кои се однесуваат на работата на организациите, а тоа се: независност, јавност и транспарентност, начелото непрофитност, непартиско делување и учество во креирање политики. Во Законот за здруженијата на граѓани и фондациите исто така беше регулирана непрофитноста, непартиското делување и јавноста во работата на организациите, меѓутоа со издигнувањето на овие одредби на ниво на начело во овој Предлог закон намерата е да се потенцира нивната важности и особеностите на организациите кои што се определуваат со овие начела.

Глава III „Здруженија" се однесува на здруженијата. Согласно одредбите во оваа глава кои се усогласени со препораките на Совет на Европа, со Конвенцијата за правата на детето и со најдобрите практики од европските земји, уште на самиот почеток од оваа глава односно во членот 15 се вели дека здруженија може да основаат најмалку пет лица, кои може да бидат физички и/или правни. Исто така под одредени услови и малолетни лица може да се јават како основачи на здруженија. Понатака во оваа глава се регулира начинот на основање, содржината на актот за основање, статутот како општ акт на здружението и неговата содржина. Во членот 18 во кој што се регулира содржината на статутот наведени се задолжителните делови од содржината на статутот, но исто така на здруженијата им се препорачуваат и одредени прашања кои во зависност од нивните потреби може но не мора да бидат дел од статутот. Во оваа глава се уредува членувањето во здруженија и истите во основа ја регулираат доброволноста при зачленувањето, можноста секој без оглед на возраста, а под одредени услови пропишани со закон да биде член на здружение, како и потребата од водење евиденција за членовите во организацијата, и управувањето и раководењето во здруженијата, и на организациската структура. Потенцирано е дека највисок и задолжителен орган за здруженија е собранието кое воедно ја има и основната управувачка функција во здружението. Предлог - законот ја регулира и надлежноста на собранието и начинот на неговото работење. Здружението задолжително треба да има и застапник кој го застапува здружението и се утврдени критериумите кој може да биде застапник. Покрај собранието и застапникот како задолжителни тела, со членот 26 на здруженијата им се дава можност да предвидат и други органи.

Со Глава IV „Фондации“ се уредуваат фондациите. Како и кај здруженијата се уредува начинот на основање на фондација, кој може да биде основач на фондација и нивните права. Исто така, содржани се одредби за статутот и содржината на статутот. Во однос на организациската структура, односно управувањето и раководењето и овде со членот 33 се предвидени два задолжителни органи: одбор на фондацијата како орган за управување и директор на фондацијата како орган за раководење. Во другите членови разработени се надлежностите на овие органи, а начинот на работа на одборот оставен е самите фондации да го определат со нивниот статут.

Покрај можноста странски лица да се јават како основачи и членови на здруженија, фондации и сојузи, во Главата V „Организациони облици на странски организации“, се предвидува и можноста за основање на организациони форми од страна на странски организации. Странските физички и правни лица ги имаат истите права и обврски како и домашните лица освен во ситуации кога со закон е поинаку определено. Во оваа глава со еден член се предвидува и содржината на актот за основање на организационите формиподружницата.

Глава VI „Регистрација“ содржи детални одредби за регистрите, содржината на регистрите, уписот во регистрите, решението за упис, дополнувањето на регистрите и одбивање од регистрација, правото на жалба, промена на податоци и јавноста на регистрите. Со членот 40 се потврдува решението донесено со измените на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите од 2007 година според кое, Централниот регистар на република Македонија е надлежната институција за водење на регистрите. Предвидени се три регистри: за здруженија и сојузи, за фондации и за организационите облици на странските организации. Во однос на содржината на регистрите со членот 41 се дава детален преглед на податоците кои треба да бидат забележани за секоја организација. Исто така, се утврдува запишување во регистрите со пријава, како и неопходните документи кои се доставуваат со пријавата за упис. Организациите се сметаат за регистрирани со донесено решение за упис, за кое што има предвидено и право на жалба во случај на одбивање на барањето.

Изворите на средства за организациите, нивната употреба, одговорноста за обврските и одговорноста за штета, како и располагањето со средствата во случај на престанок на организацијата се регулирани со глава VII „Средства за работа на организациите“. Покрај големиот број наведени извори на средства за финансирање на организациите, со членот 49 предвидена е поддршка на организациите од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Со членот 50 уште еднаш се потенцира непрофитниот карактер на организациите, но исто така се истакнува потребата од добро управување со организациите, како начелната доброволност во работата на органите на управување. Предлог - законот предвидува и лична и неограничена одговорност за обврските на членовите во здруженијата односно членовите на органите на организациите, но и солидарна одговорност за штета од страна на органите на организациите и нивните застапници. На крајот од оваа глава е предвидено дека во случај на престанок на организацијата располагањето со останатите средства се врши согласно статутот на организацијата.

Надзорот во рамките на организацијата, но и надзорот на законитоста на примената на Законот се уредуваат со глава VIII „Надзор“. Предвидено е организациите со статут да го определат органот кој што е одговорен за надзорот на работата во организацијата. Исто така предвидена е и можност за увид во работата на организацијата од страна на членовите на организацијата и членовите на органите на организациите. Надзорот на законитоста на примената на Законот е доверена на Министерството за правда.

Статусните промени на организациите, односно присоединувањето, спојувањето и поделбата на организациите, за првпат во правниот систем на Република Македонија, детално се уредуваат во главата IX „Статусни промени“ од Предлог – законот. Присоединувањето е уредено како статусна промена при која се врши пренос на правата и обврските на една организација на друга, при што организацијата која се присоединува престанува да постои (член 60). Спојувањето на организации, согласно предложените решенија, претставува основање на нова организација на која преминуваат севкупните права и обврски на две или повеќе организации кои се спојуваат (член 61), додека при

поделбата на организациите една организација која престанува да постои се дели на две или повеќе организации кои понатаму се регистрираат согласно одредбите од овој Предлог-закон (член 62).

Со главата X: „Престанок и забрана на организацијата", се уредуваат причините за престанок на постоење на организациите; поведувањето на постапка за престанок на дејствување; основите и постапката за забрана за работа на организациите, (како и правото на жалба во случај на забрана) и прашањата за ликвидација и стечај на организациите. Основи за забрана на работата на организациите предвидени во членот 65 од Предлог-законот се следниве: ако нивното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија; поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост; ако преземаат активности кои се спротивни на Уставот или закон и ако се повредуваат слободите и правата на други лица. Во споредба со важечкиот Закон за здруженијата на граѓани и фондациите, во Предлог-законот нема одредба која предвидува забрана доколку работењето на организациите не е во согласност со нивниот статус, со цел што помало ограничување на правото на здружување преку една таква рестриктивна мерка каква што е забраната на вршење на дејност. Во оваа глава исто така се уредува ликвидацијата на организациите, за која, согласно предложеното решение, се предвидува соодветна примена на одредбите за ликвидација од Законот за трговските друштва, освен во случаите за кои е предвидена скратена постапка за ликвидација, уредена со членот 70 од Предлог-законот.

Со главата XI „Статус на организација од јавен интерес" се уредува една од најголемите новини во Предлог-законот; а тоа е статусот на јавен интерес, како основа за издвојување на организациите кои работат заради остварување на јавниот интерес и кои за ваквото работење ќе можат да добијат поддршка од државата преку разни поволности. Имено, со членот 73 предвидено е дека за вршење дејности од јавен интерес, спроведување на програми и проекти на државно и/или локално ниво, самостојно или во соработка со органите на државната управа и општините, како и користење на финансиски средства за реализација на активностите, здруженијата и фондациите може да се стекнат со статус од јавен интерес. Членот 74 предвидува широка листа на дејности од јавен интерес, која содржи и генерална одредба со која се остава можност за вклучување на друга дејност од јавен интерес определена со овој или друг закон.

Со членот 75 од Предлог – законот прецизно се уредуваат критериумите врз основа на кои организациите може да се стекнат со статус од јавен интерес. Целта на ваквиот пристап е да се остави што помала можност за дискреционо одлучување за доделување на статус од јавен интерес од страна на тела овластени за тоа.

Со оглед на тоа што за организациите со статус од јавен интерес, согласно членот 88 од Предлог-законот, се предвидува можност да имаат даночни и цармнски олеснувања во согласност со закон, за истите се предвидува и поинаква организациона структура од останатите организации во насока на обезбедување на добро управување со ваквите организации. Имено, во членот 77 од Предлог-законот предвидено е дека организацијата од јавен интерес мора да има орган за надзор, со утврдена негова надлежност во организациите со статус од јавен интерес.

За давање на статус на организација од јавен интерес ќе се формира Комисија за организации со статус од јавен интерес (член 79), составена од претседател и шест члена со што ќе се обезбеди учество на граѓанскиот сектор во одлучувањето за доделување и одземање статус од јавен интерес. Со членот 81 се предвидува административно – техничките работи во врска со работењето на Комисијата да ги врши Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија односно Организационата единица за соработка со граѓански организации.

По спроведувањето на постапката за доделување статус на јавен интерес, против решението на Владата , предвидено е право на тужба пред Управниот суд (член 83).

Со оглед на посебниот статус на организациите од јавен интерес, од Предлог-законот предвидени се посебни обврски на овие организации во насока кон обезбедување на нивна отчетност и транспарентност, и тоа: должност еднаш годишно да поднесуваат наративен и финансиски извештај, должност да извршат независна годишна ревизија во своето работење (во зависност од висината на годишниот буџет), како и должноста претходно наведените извештаи да ги објавуваат на своите интернет страни.

Со членот 89 од Предлог-законот се регулира престанокот на статусот од јавен интерес при што како причини за престанок се предвидуваат: барање на здружението или фондацијата, престанок да ги исполнува условите што се потребни за добивање на статус организација од јавен интерес, неформирање надзорен одбор и непостапување во согласност со статутот, неподнесување извештај или ревизија во определените рокови, како и ситуацијата ако организацијата со своето работење не го одразува јавниот интерес за кој го добила статусот.

Со Глава XII : „Јавни овластувања“ со членот 90 се уредува можноста на организациите да им се довери вршење на јавно овластување, која е предвидена и во сега важечкиот Закон за здруженијата на граѓани и фондациите. Предвидено е критериумите, начинот и постапката на доверување на вршење на јавно овластување да се уредат со закон од соодветната област.

Во Глава XIII : „Прекршочни одредби“ се предвидуваат основите за изрекување на глоба, како и висината на глобите кои може да се изречат во случај на постапување спротивно на дел од одредбите предвидени со законот.

Со глава XIV: „Преодни и завршни одредби“ се уредуваат прашањата на роковите за донесување на подзаконските акти и за формирање на телата предвидени со Предлог-законот, прашањето на примена на законот на постапките за регистрација на организации кои се во тек, прашањето за статусот на имотот и средствата на општествените организации и здруженија на граѓани добиени на користење од страна на поранешните општествено-политички заедници и самоуправни интересни заедници, како и прашањето за користење на имотот во државна сопственост од страна на организациите.

Законот за здруженија и фондации ќе се применува од моментот на неговото влегување во сила, со исклучок на одредбите од глава XI кои се однесуваат на статусот од јавен интерес и ќе започнат да се применуваат по шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата кои се предлагаат произлегуваат од Европската конвенција за заштита на човековите права и практиката на Европскиот суд за човекови права, Конвенцијата за правата на детето и Препораките на Советот на Европа.

Во предвид е земена и Препораката ЦМ / Рец (2007) 14 на Комитетот на министри до земјите членки, во врска со правниот статус на невладините организации во Европа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Последици што ќе произлезат од одредбите на Предлогот на Законот е да се обезбеди полиберално слободно здружување согласно европските практики, според кои, покрај граѓаните како државјани на Република Македонија, да можат странците, правните лица и малолетните граѓани да основаат здруженија и фондации.

Истотака со решенијата што се предлагаат ќе се овозможи стекнување на статус на организации од јавен интерес на која ќе можат да и се довераат вршење на јавни овластувања како од централната истотака и од локалната власт.

Предложениот закон ќе овозможи здруженијата, фондациите и сојузите директно да се занимаваат со економски активности од кои може да се оствари добивка без да се основа трговско друштво, со тоа што приходите стекнати од таквата дејност да мора да бидат употребени за финансирање на работата на организацијата.

**ИЗЈАВА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОПИСОТ СО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА СО КОРЕСПОНДЕНТНА ТАБЕЛА**

| |
|---|
| **1. Правен пропис** |
| 1.1. Назив на прописот<br>*Предлог на закон за здруженија и фондации - Law on Associations and foundations* |
| 1.2. Предлагач<br>*Министерство за правда* |
| 1.3. ЕПП број<br>*2007.0100.2485* |
| 1.4. Број и назив на поглавјето од правото на ЕУ согласно Националната програма за усвојување на правото на ЕУ<br>*I Политички критериуми* |

| |
|---|
| **2. Усогласеност на предлогот на прописот со одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки** |
| 2.1. Одредба од Спогодбата која се однесува на нормативната содржина на прописот<br>Глава VII од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, член 68 – приспособување на законодавството на Република Македонија со правото на Европската Унија |
| 2.2. Дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација<br>☒ Да ☐ Не |
| 2.3. Причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските кои произлегуваат од наведените одредби на Спогодбата |

| |
|---|
| **3. Усогласеност со изворите на правото на Европската Унија** |
| 3.1 Степен на усогласеност со секундарните извори од правото на ЕУ кои имаат задолжителен карактер |
| ЕУ пропис -CELEX бр. ☐ потполна уогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| ЕУ пропис -CELEX бр. ☐ потполна уогласеност ☐ делумна усогласеност ☐ неусогласеност |
| 3.2. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со секундарните извори на правото кои имаат задолжителен карактер |
| 3.3. Усогласеност со секундарните извори на правото кои имаат незадолжителен карактер<br>Препорака CM / Rec (2007) 14 на Комитетот на министри до земјите членки, во врска со правниот статус на невладините организации во Европа |

| |
|---|
| 3.4. Усогласеност со други извори на правото на ЕУ |
| 3.5. Причини за делумна усогласеност или неусогласеност со другите извори на правото на ЕУ |
| 3.6. Рок во кој е предвидено постигнување на потполна усогласеност на предлогот на прописот со правото на Европската унија |
| 3.7. Кореспондентна табела (прилог) Не |

| **4. Превод на изворите на правото на ЕУ и правниот акт** |
|---|
| 4.1. Дали горенаведените извори на правото на ЕУ се преведени на македонски јазик?<br><br>Доколку изворот на преводот не е СЕП, преводот задолжително треба да се достави до Секретаријатот за европски прашања.<br>☐ ДА Верзија МК ☒ НЕ |
| 4.2. Достапност на преводот на прописот на ЕУ |
| 4.3. Дали предлогот на прописот е преведен на англиски јазик?<br><br>☐ ДА ☒ НЕ |
| 4.4. Дали прописот е преведен на друг јазик на ЕУ<br>☐ ДА ☒ НЕ |
| 4.5. Достапност на преводот на прописот |

| **5. Стручна помош и мислење (ЕК, КАРДС, ИПА, TAIEX, SIGMA, држава членка, Совет на Европа, домашни стручњаци)** |
|---|
| 5.1. Учество на техничка помош и консултанти во изработката на предлогот на прописот<br>*Домашни експерти и универзитетски професори* |
| 5.2. Дадено мислење за усогласеноста на прописот<br>*Секретаријатот за законодавство, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за внатрешни работи, Министерство за финансии и Централниот регистар на Република Македонија* |

| **Раководител на надлежниот сектор** | |
|---|---|
| Име презиме: | Загорка Тноковска |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор |
| Потпис: | |
| Датум: | |
| **Министер** | |
| Име и презиме: | Михајло Маневски |
| Потпис: | |
| Датум: | |

**МИСЛЕЊЕ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО ЗА ИЗЈАВАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО КОРЕСПОНДЕНТНАТА ТАБЕЛА НА ПРОПИСОТ**
**Предлогот на Закон за здруженија и фондации**
**ЕПП-2007.0100.2485**

**Секретаријатот за законодавство ја разгледа изјавата за усогласеност со кореспондентната табела и го дава следново мислење:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Во однос на точките 2. и 3 од Изјавата, вклучително и Кореспондентната табела, Секретаријатот за законодавство:** | | | |
| а) целосно се согласува | | Целосно се согласува со Изјавата за усогласеност во однос на точките 2 и 3.3 од Изјавата за усогласеност на Предлог Законот за здруженија и фондации | |
| б) делумно се согласува и ги дава следниве забелешки: | | | |
| в) цени дека несоодветно го одразува степенот на усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ од следниве причини: | | | |
| **Мислењето го подготви:** | | **Секретар на Секретаријатот за законодавство** | |
| Име презиме: | Снежана Нацаковска | Име и презиме: | Лила Пејчиновска Миладиновска |
| Звање и работно место: | Раководител на сектор | | |
| Потпис: | | Потпис: | |
| Датум: | 26.01.2010 година | Датум: | 26.01.2010 година |